# Листа на рокови за постапување на друштвото во процес на обработка на штетата

Друштвото е должно во рок од **2 работни дена** од денот на приемот на барањето за надомест да ја евидентира пријавената штета во Книгата на штети.

Друштвото е должно во рок од **14 дена** од денот на поднесување на барањето за надомест да провери дали кон барањето за надомест е доставена потребната документација пропишана од друштвото за осигурување, односно дали барањето за надомест е комплетно од аспект на документација која ја доставува оштетениот и да изврши извид (увид) и проценка на оштетувањата односно повредите.

Друштвото е должно во рок од **60 дена** од приемот на барањето за надомест да достави до оштетениот образложена понуда за надомест на штета во случај основот и висината на штетата да не се спорни, образложен одговор по однос на сите точки на барањето за надомест доколку обврската на друштвото за осигурување е спорна и образложен одговор по однос на сите точки на барањето за надомест доколку висината на штететата е спорна.

Оштетениот има право на приговор до друштвото за осигурување во рок од **30 дена** од прием на образложена понуда/одговор од друштвото.

Друштвото е должно во рок од **30 дена** од поднесување на приговорот од оштетениот, да одлучи и одговори по приговорот.

Друштвото е должно во рок од **8 дена** од прием на барање на информација од оштетениот, да му ја обезбеди информацијата на оштетениот.

Друштвото е должно за барањата за надомест на штета со проценет износ до 35.000,00 денари за кои друштвото констатира обврска по барањето за надомест и е комплетирана документацијата, надоместот на штета да го исплати во **рок не подолг од рокот утврден во членот 975 од Законот за облигационите односи** без барање за потпишување на спогодба со оштетениот.

Друштвото е должно во рок од **3 работни дена** од денот на прием на дополнителна доказна документација која укажува на промена на првично резервираниот износ на штета, да врши промени во резервите на штети.

Друштвото е должно во рок од **3 работни дена** од денот на прием на приговорот повторно да издвои резерва за штета.

Друштвото може да донесе одлука за решавање на штета во рок не пократок од **90 дена** од денот на поднесување на барањето за надомест, во случај кога оштетениот не постапи по најмалку две последователни барања на друштвото за доставување на дополнителна документација.

Во случај на сообраќајна незгода во која се вклучени две или повеќе моторни возила осигурани во две или повеќе друштва за осигурување, во која штета претрпело трето лице кое не е виновно за причинување на незгодата, штетата на третото оштетено лице треба солидарно да се надомести од страна на вклучените друштва за осигурување во рокови утврдени со закон и правилник за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците, при што евентуалните спорови меѓу друштвата за осигурување не влијаат на исплатата на штетата спрема третото лице.

Во однос на барањата за надомест на штета по основ на зелена карта се применуваат роковите за решавање на штети предвидени со меѓународни договори. Доколку не е утврден посебен рок согласно меѓународни договори, се применуваат роковите за начинот на евиденција , обработка и исплата на штета предвидени со правилник за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците, при што евентуалните спорови меѓу друштвата за осигурување не влијаат на исплатата на штетата спрема третото лице.

.